**20230751451**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 106, а во врска со член 75 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 249/21, 99/22 и 65/23), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ОБЕМОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ, НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ

Член 1

Во Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги помош и нега во домот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.268/19 и 198/21), членот 25 се менува и гласи:

„Координаторот од член 24 алинеја 1 од овој правилник, е стручно лице - социјален работник, правник, педагог, психолог, дефектолог или логопед, со општа лиценца за вршење стручни работи кај други даватели на социјални услуги.“

Член 2

Во член 27 став 1 во алинејата 7 по зборот „возрасни“ се става запирка и се додаваат зборовите „освен ако има диплома за завршено средно медицинско училиште“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-2942/2
4 април 2023 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.